Совет на Општина Делчево
Број 09-1661/2
04.10.2018 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 14. седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 09.10.2018 година (вторник), во фоајето на Спомен домот АСНОМ со почеток во 14.15 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Кристи Стојковски

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и образлагачите на точките:Горан Петровски-Советник за урбанизам, Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет и Зорка Спасов-Виш соработник за урбанизам и просторно планирање.

Седницата ја отвори и со истата претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево кој за 14.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

1.Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет.

2.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско

стопанство по барање на Драги Миленски с. Вирче;

3.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат пилана на Ванчо Симовски;

4.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Ванчо Симовски;

5.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Сребран Цветковски;

6.Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа по барање на Далибор Николовски;

7.Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација од плански опфат, помошен објект по барање на Ѓорѓи Видимлиски;

8.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Страшо Ѓорѓиевски;

9.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Марјан Китановски;

10.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Иван Трајков;

11.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект – по барање на Иван Трајков;

12.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Томе Димитровски;

13.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Фиданчо Георгиевски;

Образлагач: По точките од 2 до 13- Горан Петровски-Советник за урбанизам.

14.Дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на градот

Делчево;

Образлагач: Зорка Спасова-Виш соработник за урбанизам и просторно планирање.

15.Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот отвори расправа.

Процедурално за збор се јави Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека до него како претседател на Советот е доставена Изјава од членот на Советот Вице Стоиловски која во целост беше прочитана пред членовите на Советот. Имено, во Изјавата В.Стоиловски наведува дека тој како член на Советот од ГРОМ и Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата истапува од неа и во иднина ќе настапува како независен член на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор во врска со дневниот ред, расправата беше затворена и дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 14.седница на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 13.седница на Советот на Општина Делчево.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 13. седница на Советот на Општина Делчево.

Прва точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2018 година;

Образлагач по оваа точка Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет која рече дека со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Делчево.Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Делчево за 2018 година е извршено распоред на средствата на сметката за донација за проектот „Енергетски ефикасно осветлување во регионот Благоевград-Делчево“ финансиран од ИПА-компонентата за прекугранична соработка, Република Македонија-Република Бугарија.Пренамената е изготвена заради помалку пресметаните средства на погоренаведените конта и повеќе планираните средства на 482110, кои беа предвидени и во буџетот за 2017 година. Истите мораше да ги предвидиме и во буџетот за 2018 година, бидејќи се до донесувањето на буџетот за 2018 година средствата не пристигнаа, туку истите беа пристигнати и исплатени на крајот на буџетската година. Исплатите за проектот по сите основи треба да бидат завршени на 16.10.2018 година, и затоа е потребно донесување на Одлуката од страна на

Советот на општината, со цел навремено сервисирање на извршените работи како и исполнување на обврските спрема донаторот, согласно динамиката на проектот и навремено затварање на проектот, истакна А. Христова.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 19 гласа „ЗА" 4 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Делчево за 2018 година.

**Втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Драги Миленски с. Вирче;**

Образложение поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број Уп I бр. 12-2208 од 02.09.2011 година, од страна на **Драги** Миленски с.Вирче . Станува збор за Помошен објект за селско стопанство, означен во елаборат како зграда бр.7 изграден на КП бр. 5532/1 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 1071, кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат, Советот на Општина Делчево утврди дека за истиот може да се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на пласкиот опфат и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација.

Претседателот отвори расправа по точката, бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат помошен објект за селско стопанство по барање на Драги Миленски с. Вирче;

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат пилана на Ванчо Симовски;**

Во врска со оваа точка Г.Петровски рече дека се однесува на поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-252 од 01,03,2016 година, од страна на Ванчо Симовски ул. „Маршал Тито"бр. 29 Делчево за бесправно изграден објект-Пилана, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2782/1 КО Очипала запишана во имотен лист бр. 87 КО Очипала и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат пилана на Ванчо Симовски.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Ванчо Симовски;**

Образложение и по оваа точка поднесе Г.Петровски кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-813 од 19.08.2011 година, од страна на Ванчо Симовски ул. „Маршал Тито“бр. 29 Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2560 и КП бр. 2561 к.о. Очипала запишана во имотен лист бр. 245 КО Очипала и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа на Ванчо Симовски.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Сребран Цветковски;**

Во врска со оваа точка Г.Петровски рече дека станува збор за бесправен објект број со барање бр. уп I бр. 12-51 од 29.12.2015 година, поднесено од страна на Сребран Цветковски ул. „Острец,“бр. 88 Делчево за бесправно изграден објект, Станбена кука , означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 1908 запишана во имотен лист бр. 10676 КО Делчево и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат, на патоот кон с. Полето.

Претседателот отвори расправа по точката.Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа на Сребран Цветковски.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа по барање на Далибор Николовски;**

Горан Петровски рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-1712 од 03,11,2017 година, од страна на Далибор Николовски, с.Логодаж-Благоевград-Бугарија за бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2544 запишана во имотен лист бр. 11674 КО Делчево и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Дејан Георгиевски кој праша зошто во одлуката стои дека подносителот на барањето е со адреса с. Логодаж, Бугарија.

Г.Петровски рече дека лицето - подносителот на барањето, како адреса на моментално живеење го навел с.Логодаж, Р.Бугарија, но тој е со македонско државјанство и согласно законот може да поднесе барање за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување во урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа по барање на Далибор Николовски.

**Седма точка-Предлог-Одлука за вклопување во урбанистичко-планска документација од плански опфат, помошен објект по барање на Ѓорѓи Видимлиски;**

Г. Петровски рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-31 од 24.12.2015 година, од страна на Ѓорѓи Видимлиски ул. Питу Гули“ бр. 48 Делчево, за бесправно изграден објект, Помошен објект во кој е сместена пумпа за вода, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 1627/2 КО Тработивиште запишана во имотен лист бр. 407, и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката и за звор се јави Катица Трајкова Тасева која го праша образлагачот дали станува збор за приватни пумпи за вода или за општинските?

Г.Петровски Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување во урбанистичко-планска документација од плански опфат, помошен објект по барање на Ѓорѓи Видимлиски;

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по**

**барање на Страшо Ѓорѓиевски;**

Образложение поднесе Г.Петровски кој рече дека  оваа одлука се однесува на утврдување потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување  на бесправните објекти,  а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број  уп I бр. 12-151  од 23.05.2018 година, од страна на Страшо Ѓорѓиевски   ул.„Ѓорче Петров"бр. 27  Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа , означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 4317/1 КО Делчево  запишана во имотен лист бр.10141  КО  Делчево  и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Страшо Ѓорѓиевски.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Марјан Китановски;**

Г.Петровски рече дека оваа одлука се однесува на поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број  уп I бр. 12-46  од 28.12.2015  година, од страна на Марјан Китановски  ул.„ Маршал Тито,"бр.  149  Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2091 КО Делчево  запишана во имотен лист бр. 12248  КО  Делчево, кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Марјан Китановски.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Иван Трајков;**

Образложение поднесе Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на потреба  од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши  проширување на планскиот опфат и вклопување  на бесправните објекти,  а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број  Уп I бр. 12-1785 од 31.08.2011 година, од страна на Иван Трајков с. Град - Делчево  за бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен

во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 6550 КО Град запишана во имотен лист бр. 99,кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Иван Трајков.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект – по барање на Иван Трајков;**

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека се однесува на истиот барател, само станува збор за помошен објект означен во елаборат како зграда бр. 4 изграден на КП бр. 6550 КО Град запишана во имотен лист бр. 99 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, помошен објект – по барање на Иван Трајков.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Томе Димитровски;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека одлуката се однесува на поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-559 од 12.08.2011 година, од страна Томе Димитровски ул. „Вера Јоциќ “ бр.39 Делчево за бесправно изграден објект, Викенд кука, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2067/1 запишана во имотен лист бр 8848; КП бр 2067/2 запишана во имотен лист бр 9940 и КП бр 2069 запишана во имотен лист бр. 10096, сите во КО Делчево и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчевио ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект

надвор од плански опфат, викенд куќа – по барање на Томе Димитровски.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Фиданчо Георгиевски;**

И оваа точка ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број Уп I бр. 12-559 од 12.08.2011 година, од страна Фиданчо Георгиевски с. Костин Дол – М. Каменица за бесправно изграден објект, Станбена куќа, означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр. 2542 запишана во имотен лист бр. 10230 КО Делчево и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчевио ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, станбена куќа – по барање на Фиданчо Георгиевски.

**Четоринаесетта точка-Дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на градот Делчево;**

Образлагач беше Зорка Спасова-Виш соработник за урбанизам и просторно планирање која рече дека се дополнува член 16 точка 1 од Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на градДелчево бр.09-986/1 од 08.06.2018 година.Имено се дополнува член 16 точка 1 со дополнителен Графички прилог во размер од 1:1000 на к.п. бр.6702/1 КО Делчево со намена самостоечки рекламни паноа и информативни табли.Исто така, се дополнува и член 22, а се определува и содржината на Барањето за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема. Сите тие дополнувања (дополнувањето на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево, Графичкиот прилог и Барањето) се составен дел на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево бр. 09-986/1 од 08.06.2018 година.

Претседателот отвори расправа и праша дали ова дополнување се однесува на локацијата на новиот објект на Жито маркет на Бул.„Македонија“?

Зорка Спасова рече дека дополнувањето се однесува токму на тој објект и локацијата е на Бул.„Македонија“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Дополнување на Програмата за

поставување на урбана опрема на територијата на градот Делчево.

**Петнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет;**

**Катица Трајкова Тасева, до Директорот на ЈПКД „Брегалница“-Делчево**

1.Што е презмено од страна на ЈПКД „Брегалница“-Делчево за загадувањето на водата од градскиот водовод, како и загадувањето на водата во селата Град, Ѕвегор и Вирче. Ако не е се преземени мерки, дали ќе бидат преземени и кога? Ситуацијата е алармантна бидејќи на некои места се пронајдени и фекалии во водата за пиење.

**Ванчо Велиновски**, **Предлог до Директорот на ЈПКД „Брегалница“-Делчево и Одделението за инспекциски надзор**

1.Да се исечат гранките на дрвјата (багрем) што се наоѓаат на кривината на ул. „Маршал Тито“, поточно на потегот од Касарната до Таушанско маало (Стар монопол) бидејќи е непрегледно и му пречат на нормалното одвивање на сооообраќајот.

**Драган Маневски и Сашко Јовановски, До Одделението за урбанизам и ЈПКД „Брегалница“-Делчево**

1.Да се уреди просторот помеѓу зградата Бродот и новиот маркет на ЖИТО бидејќи секојдневно тука поминуваат многу луѓе, има доста отпадоци, трева и не е уредено. Да се види според ДУП што е предвидено таму и доколку има услови да се поплочи со бекатон плочки или да се бетонира, а исто така да се направи и пристапна рампа за инвалидизирани лица.

**Кире Тренчевски**, с**о Претседателот на Советот и Градоначалникот на Општина Делчево**

1. Да се известат сите раководители, директори на установи и сите раководители во Општина Делчево да присуствуваат на седниците на Советот на точката -Прашања и предлози за да прашањата и предлозите што ние ги поставуваме имаат смисла, т.е. добиваме одговори на лице место. Предлагам оваа да се направи уште на наредната седница.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 14 седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 15.36 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,